Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-335/3
25-07-2022 година

Постапувајќи по предметот 08-335 од 15.06.2022 поведен по службена должност од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против [redacted] од Скопје, за сторено вознемирување врз основа на попреченост кон лицата со попреченост во областа на медиумите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точки 14 и 15 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 25.07.2022 го донесе следново

МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на попреченост кон лицата со попреченост, сторено од [redacted] од Скопје во областа на медиумите.

Образложение

Комисијата за спречување и заштита забележа реакции од повеќе здруженија на граѓани на социјалните мрежи за изјава на [redacted] дадена во емисијата [redacted] емитувана на телевизија [redacted] на 13.06.2022 година. Согласно реакциите на граѓаните и здруженијата на граѓани дадената изјава може да содржи елементи на вознемирување врз основа на попреченост врз лицата со попреченост во област на медиуми, во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Споменатите реакции говорат дека [redacted] на прашањето на водителот на емисијата дали ќе се нафати на дебата со лицето [redacted] (лице кое користи инвалидска количка), меѓу другото [redacted] одговара: "Јас како еве да речам да излезам со него на дебата? Утре на некој друг ќе му текне. Задутре на некој трет. **Прво ќе се чувствувам валкано со човек во инвалидска количка да дебатирам."**

Имајќи предвид дека посочената изјава е дадена од именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, кое врши должност директор на Центарот за управување со кризи, на телевизија која се емитува на целата територија на Република Северна Македонија, со истата е опфатен поголем број на лица, а емисијата се уште е достапна и може во континуитет да предизвика продолжено вознемирување врз основа на попреченост кај лицата со попреченост, Комисијата, согласно член 21, ст. 1, алинеја 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одлучи по службена должност да поведе постапка за заштита од дискриминација против [redacted] за потенцијално сторено вознемирување врз основа на попреченост врз лицата со попреченост во област на медиуми.

На 15.06.2022, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до [redacted]

достави Известување за покренување постапка за заштита од дискриминација по со барање за произнесување, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 05.07.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено писмено произнесување од страна на [redacted]. Во писменото произнесување [redacted] вели дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во известувањето за иницирање постапка по службена должност цитирала само една спорна реченица од целото интервју, тврдејќи дека доколку се ислуша целиот разговор со водителот ќе се заклучи дека во одговорите нема вознемирувачки говор и дискриминација, при што во прилог доставува транскрипт од целиот разговор. Во продолжение, [redacted] во поднесокот на произнесување истакнува дека самиот е воен инвалид со 80% телесен инвалидитет. На крајот, во поднесокот за произнесување тој се повикува на чл. 19 од Универзалната декларација за човековите права, според кој *секој има право на слобода на мислење и изразување* и на чл. 11, ст. 1 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија, според кој *секој има право на слобода на изразување. Ова право вклучува и слобода на мислење и на прием и споделување на информации и идеи без вмешување на државните власти и без разлика на границите".*

По прегледувањето на спорната емисија и добиените информации од поднесокот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следнава фактичка состојба:

Емисијата која се емитувала на телевизија [redacted] на 13.06.2022 година, се уште се наоѓа на Јутуб каналот на телевизија [redacted] и до истата може да се дојде на следнава интернет адреса https://www.youtube.com/watch?v=DE9lOygkJ6I&ab_channel=TVAlfaEmisii, а посочената изјава може да се слушне во делот 01:05:37 – 01:05:46. На прашањето на водителот на емисијата дали ќе се нафати на дебата со лицето [redacted] (лице кое користи инвалидска количка), меѓу другото [redacted] одговара: ***"Јас како еве да речам да излезам со него на дебата? Утре на некој друг ќе му текне. Задутре на некој трет. Прво ќе се чувствувам валкано со човек во инвалидска количка да дебатирам."***

Ваквата изјава ги содржи сите елементи на законската дефиниција за вознемирување од член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, согласно која:

*"Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Дополнително, праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдува дека слободата на говорот завршува онаму каде почнуваат да се повредуваат правата на другите. Имено, во случајот *Seurot v Frnace*, ЕСЧП утврдува дека ***без сомнеж секоја акција насочена против основните вредности на Европската конвенција за човекови права ќе биде отстранета од заштита на чл. 10 од Конвенцијата (слобода на изразување) и ќе биде подведена под чл. 17 од Конвенцијата (забрана за злоупотреба на права).***

Во случајот *Erbakan v Turkey* ЕСЧП утврдува дека *толеранцијата и почитувањето на еднаквото достоинство на сите луѓе ги сочинуваат темелите на едно демократско, плуралистичко општество. Имајќи го тоа предвид, начелно може да се смета дека е неопходно во* ***одредени демократски општества да се санкционираат или дури да се спречат сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат нетолеранција или омраза****.*

Членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чиј потписник е и Република Северна Македонија го гарантира правото на мислење и слобода на изразување на истото без никакво мешање. Но, став 3 од овој член пропишува дека ***уживањето на ова право е со посебни обврски и задолженија, па заради тоа може да биде ограничено со закон, кога е тоа неопходно за почитување на правата на другите.***

Членот 6 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, чија потписничка е и Република Северна Македонија, пропишува дека ***земјите учеснички забрануваат секаква дискриминација врз основа на попреченост и им гарантираат на лицата со попреченост еднаква и ефикасна законска заштита од дискриминација на секаква основа.*** Членот 8 од истата Конвенција меѓу другото пропишува обврска за земјите потписнички ***да донесат непосредни, ефикасни и соодветни мерки за спречување на стереотипите, предрасудите и штетни пракси во однос на лицата со попреченост,*** како и ***поттикнување на сите медиуми, да ги прикажуваат лицата со попреченост на начин доследен на целите на оваа Конвенција.***

Членот 21 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија пропишува дека ***секоја дискриминација врз основа на која било основа како што се пол, раса, боја, етничко или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија или верување, политичко или кое било друго мислење, членство на национално малцинство, имот, раѓање, попреченост, возраст или сексуална ориентација ќе биде забрането.***

Комисијата во носењето на мислењето го ценеше и фактот дека [redacted] од страна на Владата на Република Северна Македонија е назначен за директор на самостоен орган на државна управа – Центар за управување со кризи, односно врши јавна функција, па како таков има уште поголема одговорност во своите јавни настапи да се воздржи од ширење на вознемирувачки и дискриминаторски говор врз било која основа.

Следствено на наведеното, Комисијата утврди дека [redacted] со давањето на посочената изјава сторил вознемирување врз основа на попреченост кон лицата со попреченост во областа на медиумите.

Во таа насока, одлучувајќи како во диспозитивот на ова мислење, а во согласност со членот 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел отстранување на утврдената повреда и можните последици од истата, Комисијата ја дава следната

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да упати јавно извинување до лицата со попреченост за дадената изјава во емисијата [redacted] емитувана на телевизија [redacted] на 13.06.2022 година, со која е извршено вознемирување врз основа на попреченост во областа на медиумите, **најдоцна 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за тоа да ја извести Комисијата.** Јавното извинување [redacted] треба да го достави за објавување до телевизијата [redacted] на која ја има дадено и вознемирувачката изјава.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** телевизија [redacted] да го објави јавното извинување на [redacted] за дадената вознемирувачка изјава во емисијата во емисијата [redacted] емитувана на телевизија [redacted] на 13.06.2022 година, **веднаш по добивањето на извинувањето од именуваниот и за тоа да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина во своите јавни настапи да се воздржи од давање вознемирувачки изјави и изјави кои повикуваат, поттикнуваат и инструираат дискриминација врз било која дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

НАПОМЕНА: Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
25.07.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk